СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

**јули 2017 година**
**ЕУЦ-број 26/2017**

## ПРИОРИТЕТИ НА ЕСТОНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

EU2017.EE

Естонија од 01 јули до 31 декември 2017 година е претседавач со Советот на Европската унија. Претседателската тројка во состав Естонија, Бугарија и Австрија, ќе работи заеднички во текот на 18 месеци врз основа на заедничка програма која официјално беше одобрена на Советот за општи работи на ЕУ, на состанокот одржан на 20 јуни 2017 година. Предноста на претседателската тројка е да обезбеди поблага транзиција помеѓу ротирачките претседателства со Советот на ЕУ и да промовира заеднички долгорочни приоритети преку заедничка програма.

Мотото на Естонското претседателство со Советот на Европската унија е "*Единство преку рамнотежа".* Денес на Европа, повеќе од било што друго ѝ треба единство во вредностите, идеите и активностите. Со цел заеднички да се унапреди Унијата и да се искористат сите можности за развој, Естонското претседателство ќе преземе напори да постигне рамнотежа меѓу различните мислења, интереси и визии на земјите-членки на ЕУ, за да се постигне најдобар можен исход во интерес на европските граѓани. Треба да се покаже отвореност кон економијата и во општеството, истовремено обезбедувајќи безбедност и сигурност.

Естонското претседателство има поставено 4 приоритети се:
Отворена и иновативна европска економија;
Безбедна и сигурна Европа;
Дигитална Европа и слободно движење на податоци;
Инклузивна и одржлива Европа.

### *Отворена и иновативна европска економија*

Отворена и иновативна европска економија подразбира развивање на деловното опкружување кое го поддржува развојот и конкурентноста базирана на знаење. За таа цел, Естонското претседателство ќе се фокусира на:

- заштита и промовирање на четирите слободи на ЕУ - слободно движење на стоки, лица, услуги и капитал;
- полесно и посигурно обезбедување на услуги, започнување на бизнис во ЕУ и унапредување на трговските преговори;
- создавање нови можности за финансирање на компаниите и обезбедување стабилен банкарски сектор;
- воспоставување на стабилен и добро функционален пазар на електрична енергија и зајакнување на потрошувачите;
- Обезбедување на фер конкуренција со спречување на даночното затајување.

### *Безбедна и сигурна Европа*

Единствено преку заедничко дејствување и зачувување на унитарноста на глобално ниво, ЕУ може да ја гарантира безбедноста на своите граѓани и да промовира мир, просперитет и стабилност. Во фокусот на претседателството ќе биде:

- зајакнување на борбата против тероризмот и организираниот криминал, зајакнување на внатрешната безбедност, заштита на надворешните граници на ЕУ преку подобрување на соработката и користење на најсовремени информациски системи;
- продолжување на работата за справување со миграциската криза и реформирање на заедничкиот европски систем за азил;

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Приоритети на Естонското претседателство со советот на ЕУ | 1-2 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4 |
| Тринаесетти состанок на ССА меѓу Р. Македонија и ЕУ | 5 |
| Самит на Западен балкан 2017 | 6 |
| Европска граѓанска иницијатива „СТОП ТТИП“ | 7 |
| Шести форум за граѓанско општество на Западен балкан | 8 |
| Предлози за поедноставување на пристапот до фондовите на ЕУ | 9 |
| Дебата за иднината на Европа | 9 |
| Нови мерки на ЕК против финансирање на тероризам | 10 |
| Прво издание на „Монитор за културни и креативни градови“ | 11 |
| ЕУ календар / јавгуст-септември /2017 | 11 |

## ПРИОРИТЕТИ НА ЕСТОНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

EU2017.EE

Estonian Presidency of the Council of the European Union

- поддршка и зајакнување на односите со земјите од Источното партнерство и

зголемување на трошоците за одбраната, развој на Европската одбранбена соработка и партнерството ЕУ-НАТО.

***Дигитална Европа и слободно движење на податоци***

Во оваа област, Европа треба да ги искористи придобивките од технолошкиот напредок кој доведува до постојани промени за граѓаните, бизнисите и владите. За таа цел, претседателството ќе се фокусира на:

- развојот на прекугранична е-трговија и е-услуги во корист на потрошувачите, производителите и бизнисите;
- обезбедување модерни и безбедни електронски комуникации достапни насекаде низ Европа и создавање на поволен амбиент за нови иновативни услуги;

унапредување на прекуграничните дигитални јавни услуги за да се олесни секојдневниот живот.

***Инклузивна и одржлива Европа***

Приоритет на Естонското претседателство е инклузивна и одржлива Европа која ги поддржува еднаквите можности за висококвалитетно образование, вработување, пристапот до услуги и развој на вештини. Одржлива Европа - која се грижи и е посветена на постигнување на почиста животна средина. Претседателството ќе се фокусира на:

- модернизирање на правилата со промовирање на мобилност на трудот и слободно движење на лица;
- обезбедување на еднакви можности на пазарот на труд и социјална вклученост;

обезбедување на поодржлива околина.

**Естонското претседателство со ЕУ и политиката на проширување**

Со цел Унијата да ја исполни улогата на силен глобален актер, Естонското претседателство ќе продолжи да ја унапредува ***политиката на проширување***. Иднината на Западен Балкан е во Европската унија. Процесот на проширување претставува стратешка инвестиција во мирот, демократијата, просперитетот, безбедноста и стабилноста во Европа. Европската унија ќе продолжи да ја промовира европската перспектива на земјите, сè со цел да се зголеми отпорноста на регионот, а со тоа и безбедноста на самата Унија. Целта е конкретен напредок на патот кон ЕУ за секоја земја врз основа на заслугите. Европска унија ќе работи со сите земји од регионот, фокусирајќи се на: *натамошно зајакнување на институциите, доброто владеење и владеењето на правото; поттикнување на добрососедските односи и инклузивна регионална соработка; ублажување на ризиците за стабилност од политичка поларизација и промовирање на социо-економскиот развој.* Естонското претседателство останува отворено за дискусии за процесот на проширување и за напредокот на одделните земји-кандидати или потенцијалните кандидати, врз основа на извештаите на Европската комисија.

https://www.eu2017.ee/



## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 03-06 јули 2017 година***

На пленарната сесија Европскиот парламент го поддржа назначувањето на г-ѓа Марија Габриел за Комесар за дигитална економија и општество со 517 гласа „за“, 77 против и 89 воздржани, со тајно гласање.

Комесарот за дигитална економија и општество ќе го поддржи спроведувањето на Стратегијата за единствен дигитален пазар. Таа, исто така ќе учествува во проектите кои ги насочува и координира потпретседателот Андрус Ансип, задолжен за Единствениот дигитален пазар, и потпретседателот Јирки Катаинен, задолжен за работни места, раст, инвестиции и конкурентност.

Од страна на Европаскиот парламент беше одобрена помош во вредност од 1,002,264 евра за 339 отпуштени рудари за јаглен во шпанскиот регион Кастилија и Леон.

Резолуцијата изготвена од известувачката Моника Вана, со која се препорачува да се одобри барањето за помош, беше усвоена со 602 гласа „за“, 86 против и 9 воздржани.

Европската унија нуди дополнителни трговски концесии за Киев, потврдувајќи го неформалниот договор со министрите на ЕУ од јуни годинава. Во разговорите, европратениците одобрија поголем дел од предложените нови концесии, но го намалија обемот на дополнителната квота за одредени земјоделски производи.

Европратениците се заложија за воведување на правила за Приватните компании за осигурување, како и за изгорвување на меѓународен законски обврзувачки инструмент. Во Резолуцијата усвоена со 530 гласови „за“, 147 против и 19 воздржани се укажува на потребата од изготвување на листа на изведувачи кои се во согласност со стандардите на ЕУ за транспарентност, евиденција на криминалот, финансиски и економски капацитет, лиценци, строга проверка на персоналот и придржување кон меѓународниот кодекс на однесување.

Европскиот парламент сака да промовира подолг животен век на производот, особено со програмираната застареност на материјалните добра и софтверот. Парламентот побара од Комисијата да ја разгледа „доброволната европска етикета“ која ги опфаќа трајноста на производот, можностите за еко-дизајн, надградливост во согласност со техничкиот напредок и репарабилноста. Резолуцијата беше одобрена со 662 гласа „за“, 32 против и 2 воздржани.

Европратениците ја повикаа Комисијата да се осврне на зголемувањето на случаите на ХИВ / СИДА, туберкулоза и вирусен хепатитис во ЕУ и да развие долгорочни програми. Исто така, тие ја истакнаа важноста од справување со растечкиот антимикробен отпор и ги повикаа лидерите на ЕУ да воспостават мерки за прекугранична превенција и да иницираат заеднички активности.

Резолуцијата предложена од Зигфрид Мурешан, известувач за буџетот за 2018 година беше усвоена од страна на ЕП со 445 гласови „за“, 144 против и 80 воздржани.

На пленарната сесија на ЕП се дискутираше за приоритетите на новото Естонско претседателство со премиерот Јури Ратас, кој даде свој придонес за самитот на Г-20 во Хамбург. Европратениците го поздравија Естонското претседателство со Советот на ЕУ и фокусот за зголемување на иновативноста и искористување на можностите што ги нуди дигиталната револуција. Тие истакнаа дека миграцијата, климатските промени, сигурноста и безбедноста и социјалната нееднаквост се клучните прашања што граѓаните сакаат да ги решат. Тие, исто така, го повикаа Претседателството да продолжи да се бори против избегнувањето на плаќање на даноците и за поголем ангажман со регионите надвор од границите на ЕУ.

Европскиот парламент одобри формирање на 12-месечен специјален Комитет за решавање на практичните и законските недостатоци во борбата против тероризмот во ЕУ. Специјалниот комитет ќе го испита и оцени степенот на терористичката закана на европска почва и ќе ги разгледа можните грешки и дефекти кои би можеле да дозволат неодамнешни терористички напади во земјите-членки.

http://www.europarl

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



*Комисијата за европски прашања* на седницата одржана на 14.07.2017 год. расправаше за Планот на Владата "369". На седницата присуствуваа и свои обраќања имаа претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата, како и заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања. На седницата беа поканети и учествуваа членови на парламентарните комисии во чија надлежност се областите на реформи од Итните реформски приоритети,
претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија и претставници на граѓанското општество. Комисијата врз основа на расправата донесе заклучоци. На истата седница Комисијата едногласно усвои Декларација за забрзување на реформските и интегративните процеси за зачленување на Република Македонија во ЕУ И НАТО



На *Комисијата за надворешна политика*, на затворена седница што се одржа на 18.07.2017 год. беше претставен Нацрт-договорот за добрососедство помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. На седницата присуствуваа и имаа свои обраќања претседателот на Собранието на Република Македонија и претседателот на Владата на Република Македонија.

*Комисијата за надворешна политика* на седницата која се одржа на 04.07.2017 год. од страна на министерот за надворешни работи беше информирана за остварувањето на надворешната политика и меѓународната положба на Република Македонија.



*Комисијата за европски прашања* на 20.07.2017 год. оствари средба со заменик -министерот за надворешни работи на Република Естонија за европски прашања Мати Маасикас. Комисијата беше информирана за Програмата и приоритетите на Естонското претседателство со Советот на ЕУ во втората половина на годината. Маасикас истакна дека Естонија и понатаму е силен поддржувач на процесот на проширување на ЕУ со нови земји членки, при што ја поддржа посветеноста на Владата за евроинтегративните процеси и истакна дека е неопходно земјата да ги спроведе потребните реформи. На средбата свое обраќање имаа претседателот на Комисијата Груби членовите Никола Попоски, Петар Атанасов и Весел Мемеди, при што беше потенцирана заложбата и определбата и на позицијата и на опозицијата во земјата, за што поскоро зачленување во ЕУ.

Во организација на Европската комисија, Европскиот младински форум како и во рамките на Програмата за млади политички лидери на Европскиот парламент, непосредно пред одржувањето на Самитот за Западен Балкан, на 11 и 12 јули 2017 г. во Трст се одржа Младински форум ЕУ-Западен Балкан. Темата на форумот беше „Поврзувањето на младите-движење напред". На форумот учествуваа 60 млади лидери и претставници на младински организации од Западен Балкан и ЕУ. На конференцијата како претставник на Собранието и по селекција на Европскиот парламент, учествуваше пратеничката Ивана Туфегџиќ. На Конференцијата претставниците на невладиниот сектор од европските држави и од земјите-аспиранти, дебатираа заедно и со Геновева Руиз Калавера, директор за Западен Балкан во Европската комисија и со Фабио Масимо Касталдо, европратеник и член на Еразмус+Алумни. На форумот се обрати и Јоханес Хан еврокомесар за добрососедска политика и проширување.

Пратеничката Шпреса Хадри од 9 до 11 јули 2017 година, учествуваше на Конференцијата на претседателите на комисиите за европски прашања на земјите ЕУ членки-КОСАК, што се одржа во Талин. свое излагање имаше пратеничката Шпреса Хадри, која ги потенцира позитивните промени во политичката клима во Македонија, што претставува и позитивен исчекор во евроинтегративните процеси на земјата, по двегодишната политичка криза, чија разрешница почна со предвремените парламентарни избори, во декември минатата година. Таа искажа оптимизам дека парламентарните партии и од позицијата и од опозицијата ќе ја потврдат својата посветеност за европскиот процес, и земјата ќе ги отпочне преговорите за членство во ЕУ

## ТРИНАЕСЕТТИ СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА



Тринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија (Советот за СА) се одржа на 18 јули 2017 година. Со состанокот претседаваше министерот за надворешни работи, г-дин Никола Димитров. Од страната на ЕУ, со состанокот ко-претседаваше високиот претставник/потпретседател на Комисијата, Федерика Могерини, додека комесарот Јоханес Хан ја претставуваше Европската комисија. Исто така, учествуваше и вицепремиерот за европски прашања на Република Македонија, г-дин Бујар Османи.

Советот за СА потсети дека Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) останува во сржта на односите помеѓу ЕУ и Република Македонија сѐ до пристапувањето на земјата во ЕУ. Советот за СА ја зеде предвид главната цел на земјата да започне преговори за пристапување и ја потврди силната посветеност на новата Влада кон оваа цел. Советот за СА разговараше за "Планот 3-6 -9", кој содржи мерки на краток, среден и долг рок, како и краткорочни активности кои треба да ги спроведе Владата. Напредокот во спроведувањето на задоцнетите реформи поврзани со ЕУ, почнувајќи од спроведувањето на Договорот од Пржино и Итните реформски приоритети, ќе биде важна основа за понатамошна дискусија од страна на Советот на Европската унија.

Советот за СА ги разгледа клучните случувања во претходниот период во врска со исполнувањето на политичките критериуми, како и состојбата во врска со економските критериуми, финансиската соработка и спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Тој ги нотираше резултатите на Комитетот за стабилизација и асоцијација одржан на 29 јуни.

Во врска со политичките критериуми, Советот за СА беше информиран за клучните политички случувања. Тој ја поздрави намерата на новата Влада за решавање на нерешените реформски прашања на инклузивен, транспарентен и кохерентен начин. Тој потсети на важноста дека Владата, заедно со опозицијата, ги спроведува своите обврски од Договорот од Пржино и од Итните реформски приоритети. Се разговараше за потребата да се воспостави одговорност за прислушувањето и нападите во Собранието од 27 април, да се обезбеди судска независност, слобода на медиумите, слобода на изразување, почитување на човековите права и реформа на јавната администрација.
Советот за СА повика за повеќе долгорочни мерки за градење на доверба, на политичко ниво, и за повеќе проактивни политики за натамошно зголемување на довербата и изградба на мостови меѓу заедниците.

Советот за СА потсети дека регионалната соработка и добрососедските односи остануваат суштински и ги поздрави првите чекори што ги презеде новата Влада. Тој го поздрави активното учество и конструктивниот пристап на земјата во иницијативите за регионална соработка.
Советот за СА, исто така, ги поздрави напорите на земјата за решавање на предизвикот на европската миграциска и бегалска криза и изрази надеж дека взаемно корисната соработка ќе продолжи и во иднина.

Во врска со економските настани, Советот за СА потсети на насоките за таргетираните политики договорени во мај 2017 година помеѓу ЕУ и Западниот Балкан и Турција, за Програмите за економски реформи, и ја охрабри Владата да се фокусира на нивното спроведување и следење.

Советот за СА ја поздрави посветеноста на Владата да вложи поголеми напори за зголемување на апсорпцијата за фондовите на ЕУ. Тој ја истакна важноста на здравото финансиско управување и потребата за целосна усогласеност со критериумите за секторски пристап, особено во управувањето со јавните финансии, транспортот и правосудниот сектор. Треба да се обрне внимание и на спроведувањето на препораките на Европскиот суд на ревизори.

Советот за СА забележа напредок во различни области опфатени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и го поздрави високото ниво на трговската интеграција со ЕУ. Тој ја истакна важноста од продолжување на усогласувањето со правото на ЕУ, особено во однос на внатрешниот пазар, како и потребата да се исполнат други меѓународни обврски, на пример, за енергетска и транспортна поврзаност. Исто така, го поздрави и неодамнешното потпишување на Договорот за транспортната заедница.

www.mfa.gov.mk

## САМИТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН 2017

Самитот на Западен балкан 2017 беше одржан на 12 јули годинава во Трieсте, Италија. Шефовите на влади, министрите за надворешни работи, министрите за економија и министрите за транспорт на Западен Балкан, заедно со нивните колеги од неколку земји-членки на ЕУ и високи претставници на ЕУ, разговараа за клучните области на регионалната соработка и изнесеа конкретни мерки за подобро инфраструктурно поврзување на регионот, економијата и луѓето.

На маргините на Самитот, високиот претставник и потпретседател Федерика Могерини истакна дека со овој настан се потврдува перпективата на интеграцијата во ЕУ на Западен балкан. Потврдени се многу нови практични проекти вклучувајќи го и потпишувањео на Договорот за транспортна заедница.

Виолета Булц, Комесар за транспорт оствари средба со министрите за енергија и министрите за транспорт, на која се расправаше за финализирање на Договорот за транспортна заедница и на безбедноста на патиштата. На потпишување на Договорот за транспортна заедница присуствуваа и Федерика Могерини и Јоханес Хан.

Состанокот претставува дел од „Берлинскиот процес“, иницијатива за посилна регионална соработка во Западен Балкан. Учесниците, вклучително и земјите-членки на ЕУ, Австрија, Хрватска, Франција, Германија, Италија, Словенија и Обединетото Кралство изразија големо задоволство со изгледи за натамошни настани од ваков вид, на високо ниво во самиот регион.

*Поврзување на инфраструктурите*
Договорот за транспортната заедница ќе помогне во реформите кои влијаат на секојдневниот живот на луѓето, на пример во областа на безбедноста на патиштата. Со обезбедување поголема стабилност, исто така, ќе привлече нови инвеститори во регионот и ќе го зголеми економскиот раст. Конечно, овој Договор ќе им помогне на земјите од Западен Балкан да ги усогласат своите национални закони за транспорт со оние на ЕУ, со што ќе ги зајакнат добрососедските односи, промовираат прекугранична соработка и на крајот ќе ги доближат овие земји до Европската унија.

Европската комисија најави значителен пакет за поврзување, во вкупен износ од 194 милиони евра во грантови, како и инвестиции во износ од 500 милиони евра, за седум нови регионални проекти за подобрување на транспортните и енергетските врски во Западен Балкан и со ЕУ.

*Поврзување на економиите*
Лидерите на Западен Балкан постигнаа договор за еден акционен план за развој на *Регионален економски простор* за консолидација на пазар од околу 20 милиони луѓе, и понатаму привлекување инвестиции и генерирање раст и работни места. Целите што треба да се постигнат во следните години, исто така, вклучуваат развој на дигитални пазари, паметен раст, мобилност на квалификувани работници и взаемно признавање на професионалните квалификации во регионот. Комисијата ќе ја поддржи имплементацијата на оваа иницијатива со пакет од 7 милиони евра за подобрување на инвестициската клима, стратегии за паметни специјализации и форум за инвестиции во Западен Балкан. Форумот, кој собира локални стопански комори го инаугурира својот постојан секретаријат, кој ќе помогне да се стави Регионалниот економски простор во конкретни можности за компаниите од целиот регион.

*Поврзување на луѓе*
Младинскиот форум ЕУ-Западен Балкан, со учество на комесарот Хан привлече повеќе од 100 млади лидери и претставници на младински организации од Западен Балкан и ЕУ да дискутираат за мобилноста, инклузијата, претприемништвото и младинското учество. Заклучоците од Форумот беа презентирани на самиот самит, а исто така ќе послужи како основа за Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) да ја развие својата програма за работа. За време на самитот, политичките лидери од регионот ја потврдија својата посветеност на шемата за размена на млади државни службеници од Западен Балкан, која беше лансирана на минатогодишниот самит во Париз и даде многу позитивни резултати.

https://ec.europa.eu

## ЕВРОПСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА „СТОП ТТИП“

Европската комисија одлучи да ја одобри Европската граѓанска иницијатива и ја повика Комисијата да му препорача на Советот да го отповика мандатот за преговори за „Трансатлантската трговија и инвестициско партнерство“ (ТТИП) и да не склучува Детален економски и трговски договор (CETA) („Иницијатива Стоп за ТТИП“). Официјалната регистрација за оваа иницијатива отпочна на 10 јули 2017 година и ќе трае една година, во тек на која ќе се собираат потписи за поддршка од нејзините организатори.

Оваа регистрација следи по иницијалната одлука на Комисијата да одбие да ја регистрира Иницијативата „Стоп ТТИП“ на 10 септември 2014 година, која беше поништена од страна на Општиот суд на Европската унија на 10 мај 2017 година. Комисијата одлучи да не се жали на таа пресуда.

Одлуката на Комисијата за регистрација на Иницијативата се однесува само на правната прифатливост на предлогот. Комисијата не ја анализира суштината во оваа фаза. Доколку иницијативата добие поддршка од милион потписи во рок од една година, од најмалку седум различни земји-членки, Комисијата ќе мора да реагира и да одлучи во рок од три месеци. Комисијата може да одлучи дали ќе постапи по барањето и да ги објасни причините за својата одлука.

Европските граѓански иницијативи беа воведени со Лисабонскиот договор и започнаа да се применуваат како алатка за поставување на агендата од страна на граѓаните на ЕУ во април 2012 година, по стапувањето во сила на Регулативата за европски граѓански иницијативи која ги спроведува одредбите од Договорот.

Откако формално е регистрирана, Европската граѓанска иницијатива им овозможува на еден милион граѓани од најмалку една четвртина од земјите-членки на ЕУ да предложат на Европската комисија да предлага правни акти во областите каде што Комисијата има надлежност тоа да го стори.

Условите за допуштеност како што е предвидено со Регулативата за европски граѓански иницијативи, се предложените акти да не се наоѓаат надвор од рамките на овластувањата на Комисијата која поднесува соодветен предлог за правен акт, истиот не е навредлив, несериозен и не предизвикува вознемирување, како и да не е спротивен на вредностите на Унијата.

Комисијата на Јункер зазеде отворен пристап кон регистрацијата на Европските граѓански иницијативи, овозможувајќи проток на иницијативите и при нивна делумна регистрација, се со цел да го стимулира учеството на граѓаните на ниво на ЕУ.

//stop-ttip.org/



## ШЕСТИ ФОРУМ ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО НА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) го одржа шестиот форум за граѓанско општество на Западен Балкан во Сараево на 10 и 11 јули годинава. Учесниците усвоија Завршна декларација која повикува на зголемена слобода на медиумите, отворање на вратите на ЕУ за проширувањето на Западен Балкан, имплементација на миграциските политики и зголемување на можностите за вработување и женските права.

Претседателот на ЕЕСК, Георге Дасис го отвори форумот велејќи: „Целта за која сите би требало да се стремат е траен мир меѓу земјите што поминаа низ страшни времиња неодамна, а пристапувањето во ЕУ е заради зацврснување на мирот во нивните односи". Тој додаде: „европската интеграција не е само прашање на политичка и економска интеграција и соработка, туку и еден контакт и дијалог меѓу граѓаните".

Учесниците изразија надеж дека политиката на проширување на ЕУ ќе остане еден од приоритетите на ЕУ и истата ќе биде попрогресивна и амбициозна. Тие нагласија дека, со цел да се поттикне помирувањето и да се промовира севкупна демократизација на земјите од Западен Балкан, неопходно е институциите на ЕУ и владите на овие земји да ги зголемат своите напори во проширувањето на просторот за граѓанското општество.

Во декларацијата, исто така, се повикуваат владите на Западен Балкан да промовираат социјален дијалог и целосно и редовно да ги вклучуваат економските и социјалните совети при преземањето на реформите и законските измени.

Во однос на миграцијата, учесниците ја пофалија важната улога на граѓанските организации во справувањето со бегалските кризи. Тие изразија загриженост за влијанието на депопулацијата како резултат на внатрешната регионална миграција и емиграција кон ЕУ и ги повикаа владите да стават приоритет на развојот на руралните области и создавањето можности за вработување, особено за младите луѓе.

Форумот, исто така изрази загриженост во врска со негативните случувања во регионот во поглед на слободата на изразување и медиумите, дефинирани од учесниците како предуслов за воспоставување цврсти демократии.

Предмет на дискусија, исто така беа заедничките предизвици со кои се соочуваат ЕУ и Западен Балкан во врска со правата и зајакнувањето на жените - вклучувајќи широко распространето семејно насилство, ограничени можности на пазарот на трудот, нееднаков пристап до учество во политиката на високо ниво, ниско ниво на женско претприемништво и несоодветната рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот.

Организиран на секои две години од 2006 година, Форумот за граѓанско општество дава можност за размена на ставови за моменталната состојба на граѓанското општество во регионот, потребите во регионот и неговиот иден развој. Форумот ги здружи организациите на граѓанското општество од земјите од Западен Балкан, членовите на Европскиот економски и социјален комитет, претставниците на националните економски и социјални совети и слични институции, претставници на институциите на ЕУ и на владите во регионот. Учесниците на форумот усвојуваат заклучоци упатени до националните власти и европските институции.

http://www.eesc.europa.eu/

## ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ФОНДОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Постигнувањата во рамки на политиката за кохезија на Европската Унија се на задоволително ниво, но истите не секогаш го олеснуваат управувањето со фондовите на ЕУ или бизнисите. За таа цела експертите за независна политика за кохезија на високо ниво, предложија понатамошно поедноставување на пристапот до фондовите на ЕУ во буџетската рамка по 2020 година.

Според конечниот извештај на Групата за поедноставување на високо ниво, сегашната структура на правила е ефективна, но треба да се направи добро преиспитување со заедничкото управување. Потребно е да се обезбеди взаемна доверба и сопственост на заеднички цели за раст и работни места. Групата, исто така, сугерира дека правилата во различни фондови и инструменти на ЕУ треба да се хармонизираат во однос на државната помош, јавните набавки и методите за надоместување на трошоците, за да се олеснат синергиите, и да им се овозможи на корисниците да аплицираат за различни извори на финансирање на ЕУ за истиот проект.

Исто така, потребно е поедноставната рамка да биде достапна и за сите земји -членки и регионите, под услов да исполнуваат одреден број критериуми: сигурни системи за управување и контрола; значајно национално кофинансирање за поттикнување на здраво трошење; идентификација на клучните структурни реформи за спроведување и фокусирање на неколку приоритетни области, за да може да се испорача.

Европската комисија ја оформи Групата на високо ниво во 2015 година, за да ги идентификува можностите за исклучување на правилата за кохезиската политика од непотребна комплексност, во поглед на среднорочниот преглед на повеќегодишната финансиска рамка 2014-2020 година.




https://ec.europa.eu/commission

## ДЕБАТА ЗА ИДНИНАТА НА ЕВРОПА

Четири месеци откако Европската комисија ја презентираше својата „Бела книга за иднината на Европа“ се забрзува дебатата за иднината на ЕУ која опфаќа над 30 милиони граѓани.

Европската комисија понуди пет сценарија за начините според кои ЕУ може да се развива во следната деценија. Со публикување на „Белата книга“ отпочна широка дебата за иднината на ЕУ, поддржана од политичките институции и од граѓанското општество во целост. До денес, преку 270.000 граѓани присуствуваа на повеќе од 1.750 настани организирани или поддржани од Комисијата. Бројот на онлајн учесници на овие настани преку интернет е уште поголем. Настаните и дебатите ќе продолжат да се организираат во текот на следните месеци и до граѓаните се апелира да продолжат да ги искажуваат своите ставови пред говорот за „Државноста на Европската унија“ на 13 септември 2017 година, кога претседателот на Европската комисија, Жан Клод Јункер ќе ја претстави својата визија за иднината на ЕУ.

Комисијата на 1 март 2017 година ја започна пан-Европска дебата за „Белата книга за иднината на Европа“, која всушност им овозможува на граѓаните и лидерите да ја обликуваат визијата за ЕУ.

Комисијата исто така презентираше серија на трудови за разгледување на клучните прашања за Европа: (1) развивање на социјалната димензија на Европа, (2) продлабочување на Економската и монетарната унија; (3) искористување на процесот на глобализација; (4) иднината на одбраната на Европа и (5) иднината на финансиите на ЕУ.



https://ec.europa.eu/

## НОВИ МЕРКИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ПРОТИВ ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ




На 13 јули годинава Европската комисија предложи нови правила за ублажување на нелегалниот увоз и трговија со културни добра надвор од ЕУ, често поврзани со финансирање на тероризам и други криминални активности. Предлогот претставува еден од последните чекори утврдени во планот на Комисијата за зајакнување на борбата против финансирање на тероризмот. Се предвидува забрана за увоз во ЕУ на културни добра кои се извезуваат илегално од нивните матични земји. Предлогот за новите правила следи по само неколку дена откако Г20 во Хамбург ги повика земјите да се справат со финансирањето на тероризмот, вклучително и грабежите и шверц на антиквитети.

Плановите за новите мерки за првпат беа изнесени како дел од Европската агенда за безбедност на Европската комисија и нејзиниот акционен план за 2016 година за зајакнување на борбата против финансирањето на тероризмот. Во февруари 2016 година, земјите-членки на ЕУ ја истакнаа важноста од итно зајакнување на борбата против недозволената трговија со културни добра и побара од Комисијата да предложи законски мерки за ова прашање што е можно поскоро.

Новите правила предвидуваат голем број активности со кои треба да се осигура дека увозот на недозволени културни добра во иднина ќе стане многу потежок. Правилата вклучуваат:
- нова заедничка дефиниција на ЕУ за „културни добра“ при увоз,
- воведување на нов систем за лиценцирање за увоз на археолошки предмети, делови од споменици и древни ракописи и книги,
- за други категории на културни добра, увозниците ќе мора да поминат низ поригорозен систем за сертификација со поднесување на потпишана изјава или заверена изјава како доказ дека стоката е легално извезена од третата земја, и
- царинските власти, исто така, ќе имаат овластување да ги одземат и задржат стоките кога не може да се докаже дека предметните културни добра се законски извезени.

Предвидени се кампањи за подигнување на свеста за купувачите на културни добра, како што се увозниците на професионалните уметнички пазари, но исто така и купувачи на културни добра во Европа. Паралелно, земјите-членки ќе организираат обуки за царинските службеници и другите служби за спроведување на законот со цел да ја подобрат нивната способност да препознаваат сомнителни пратки и поефикасно да соработуваат во спречувањето на нелегалната трговија.

Земјите-членки на ЕУ ќе бидат обврзани да обезбедат ефективни, пропорционални и обесхрабрувачки казни за оние кои не ги почитуваат правилата, особено за секој кој дава лажни изјави или поднесува лажни информации.

Во јули 2017 година, Г-20 ги повика земјите да „ги адресираат сите алтернативни извори на финансирање на тероризмот, вклучително грабежи и шверц на антиквитети“. Слично на тоа, Г-7 повика на акција против овие активности во трети земји.

Важноста на заштитата на културното наследство ќе биде истакната во 2018 година, Европската година на културното наследство, со серија активности што се одвиваат на сите нивоа: европски, национални, регионални и локални. Целта е исто така да се покаже важноста на културното наследство и да се промовираат иновативни и ангажирани начини да се зачува за идните генерации.

Автентичниот глобален пазар на уметност и антиквитети се проценува на 56 милијарди евра во 2016 година, од кои вкупната вредност на европскиот пазар е околу 19 милијарди евра.

Предлогот за Регулатива ќе биде доставен до Европскиот парламент и Советот на ЕУ. Комисијата се надева дека истата ќе биде брзо усвоена во процесот на ко-одлучување.

https://ec.europa.eu/

## ПРВО ИЗДАНИЕ НА „МОНИТОР ЗА КУЛТУРНИ И КРЕАТИВНИ ГРАДОВИ“




Оваа нова алатка обезбедува споредливи податоци за тоа како европските градови се движат во деветте димензии - покривајќи ја културата и креативноста - и укажува на тоа како нивните перформанси придонесуваат за општествениот развој на градовите и за економскиот раст и создавањето работни места.

Развиен од службата за научни истражувања на Европската комисија, Заедничкиот истражувачки центар (JRC), Мониторот за културни и креативни градови ќе им помогне на креаторите на политиката, како и на културните и креативните сектори да ги идентификуваат локалните предности и области за подобрување и да учат од споредбата меѓу градовите. Исто така, фрла светлина врз силната врска помеѓу културната енергичност и различните димензии на животот на градот, почнувајќи од нејзината социјална разновидност и нејзината економска активност.

Мониторот за културни и креативни градови е резултат на истражувачки проект кој опфаќа 168 градови во 30 европски земји. Достапен е како интерактивна онлајн алатка која им овозможува на корисниците да ги пребаруваат избраните градови, како и широк спектар на квантитативни и квалитативни информации за нивната изведба.

Особено покажува дека „идеалниот“ културен и креативен град во Европа би бил амалгамот на најуспешните градови на секој индикатор. Овој град ќе ги има културните собири и објекти на Корк (Ирска), културното учество и привлечноста и работните места на Париз (Франција), интелектуалната сопственост и иновации во Ајндховен (Холандија), новите работни места во Креативните сектори на Умеа (Шведска), човечкиот капитал и образованието на Лувен (Белгија), Отвореноста, толеранцијата и довербата на Глазгов (Велика Британија), Локалните и меѓународните врски на Утрехт (Холандија) и Квалитетот на владеење на Копенхаген (Данска). Од овие осум градови, пет имаат помалку од 500.000 жители (Корк, Ајндховен, Умеа, Лувен и Утрехт).

Заедничкиот истражувачки центар (JRC) на Европската комисија го разви „Мониторот за културни и креативни градови“ со цел да го пополни овој информациски јаз. Алатката беше изградена околу три водечки индекси - културна енергичност, креативна економија и поволно опкружување - организирани во 9 димензии и мерени преку 29 индикатори кои се движат од бројот на музеи и концертни сали, до вработување во културниот и креативниот сектор и од патент за ИКТ Апликации на ниво на доверба што луѓето ги имаат кон другите граѓани во нивниот град.

Мониторот се очекува да се ажурира на секои две години со цел да остане концептуално и статистички гласен низ земјите, градовите и време и да го следи развојот на градовите.

http://europa.eu/

---

### *ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2017*




1. Заедничка земјоделска политика, кон одржливо земјоделство, 01-02/09/2017, Талин, Естонија;

2. INSPIRE 2017 - конференција, 04-05/09/2017, Кел, Германија;

3. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 11 -14/09/2017, Стразбур.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019
**Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции**

www.sobranie.mk


*Во Собранието на Република Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




